**ДП. бр.338**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-47 од 11.01.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Д.К., по одржан претрес на ден 15.02.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**I.**

**Се утврдува** дека не е сторена дисциплинска повреда по член чл. 54-г став 1 алинеја 7 од ЗИ од страна на извршител Д.К. именуван за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Кавадарци, Основен суд Гевгелија и Основен суд Неготино, со адреса на ул.------------------------, Велес во врска со постапување по негов предмет И.бр.307/11

со тоа што

Извршителот Д.К. од Велес постапувајќи по барање за извршување поднесено од доверителот ------------ од Прилеп заведено како И.бр.307/11 пребарувал податоци по интернет страниците на надлежните органи во врска со правниот субјект --------------------- Гевгелија кој не е должник по предметот И.бр. 307/11, а не против должникот ------------------------- Гевгелија кој има својство на должник според извршната исправа

со што БИ сторил дисциплинска повреда “ бара пристап до податоци за лице кое не е должник“

**II.**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител Д.К. именуван за подрачјето на Основен суд Велес, Основен суд Кавадарци, Основен суд Гевгелија и Основен суд Неготино за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5

ЗАТОА ШТО Извршителот Д.К. од Велес постапувајќи по барање за извршување поднесено од доверителот -------------------- од Прилеп заведено како И.бр.307/11 при спроведување на извршувањето не го легитимирал должникот, односно врз основа на податоци добиени по пребарување по интернет страниците на надлежните органи преземал извршни дејствија издал Налог за извршување ( врз основа на член 202 од Законот за извршување) И.бр.307/11 од 04.04.2011 година спрема правниот субјект --------------- од Гевгелија кој не е должник по предметот И.бр. 307/11, а не против должникот ----------------- од Гевгелија кој има својство на должник според извршната исправа, со што од ден 04.04.2011 година до ден 21.07.2011 година ја блокирал сметката на правниот субјект кој не е должник, поради што извршителот не постапил во согласност со член 40 став 1 алинеја 4 и член 41 од Законот за извршување

со кои дејствија извршителот сторил дисциплинска повреда “при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон“

па согласно чл. 54-б став 2 и со примена на правилата на кривична постапка за ублажување на казната на извршител Д.К. од Велес

**му се изрекува** дисциплинска мерка

**ПАРИЧНА КАЗНА**

во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител Д.К. утврдената парична казна во став 2 од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-47 е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-185 од 14.05.2012 година.
Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот Д.К., сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 7 од ЗИ: " бара пристап до податоци за лице кое не е должник " и повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 : "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон".
Предлагачот наведува во предлогот дека извршителот постапувајќи по поднесено барање за извршување од доверителот -------------- од Прилеп заведено како И.бр.307/11 не го легитимирал должникот, односно врз основа на податоци добиени по пребарување по интернет страниците на надлежните органи презмела извршни дејствија и издал Налог за извршување И.бр.307/11 од 04.04.2011 година спрема правниот субјект --------------- од Гевгелија кој не е должник по предметот И.бр. 307/11 а не против должникот --------- од Гевгелија кој имал својство на должник според извршната исправа, со што од ден 04.04.2011 година до ден 21.07.2011 година ја блокирал сметката на правниот субјект кој не е должник, поради што извршителот постапил спротивно на чл.40 став 1 алинеја 4 и член 41 од Законот за извршување.

Извршителот во своја одбрана во писмен одговор од 21.01.2013 година и на главен претрес наведе дека по повод барање за извршување врз основа на извршна исправа Пл-2-212/10 донесена од Основен суд Велес вработените во канцеларијата на извршителот изготвиле барање за извршување од доверителот кој во тој момент немал изготвено. На основа на вака поднесеното барање за извршување спроведено е пребарување по интернет на страницата на УЈП и со податоците на должникот е добиен единствено таков назив - --------------- од Гевгелија кои подароци доверителот ги потврдил. При пребарување на иматели на сметки на интернет странаta на Центаралниот регистар исто така бил добиен податок дека единстена форма имател на сметка е ------------- од Гевгелија. На основа на овие податоци извршителот издал налог по чл 202 и го доставил до носител на платен промет. По протекот на два ипол месеци правното лице кое било блокирано со овој налог се јавило во каценаларијата на извршителот приговарајќи на блокадата од причина што истото нема долг спрема доверителот. Извршителот контактирал со доверителот кој доставил до канцеларијата на извршителот историјат на должникот видно од кој ----------------- од Гевгелија се трансформирал во ---------------- од Гевгелија еден месец пред поднесување на барањето кај извршителот и видно од историјатот фирмата е веќе во ликвидациона постапка.
Извршителот на ден 20.07.2011 година донел барање за застанување со извршување врз основа на член 205 од ЗИ и го доставил до носител на платен промет.
Извршителот наведува дека нема сторено повреда од причина што самиот доверител е должен да поднесе барање за извршување и да ги наведе сите генералии на должникот, а бидејќи во случајот доверителот истото не го сторил, извршителот бил доведен во заблуда да бара податоци за погрешен должник.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 15.02.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:
Извештај за извршен надзор УПП.бр.09- 185 од 14.05.2012 година;

Барање за извршување И.бр.307/11 од 01.04.2011 година;
Решение ППНИ.бр.61/12 на Основен суд Гевгелија од 29.03.2012 година ;
Барање за извршување И.бр.307/11 од 01.04.2011 година;
Пресуда ПЛ.бр.-2-212/10 од 15.12.2012 година на Основен суд Велес;
Преглед на даночен обврзник на УЈП од 04.04.2011 година;
Налог за извршување И.бр.307/11 од 04.04.2011 година;
Повратница за достава на Налог до ------------ од Гевгелија;
Повратница за достава на Налог до А.банка АД СКОПЈЕ;
Историјат на промени на Централен регистар на РМ;
Службена белешка И.бр.307/11 на извршител Д.К.:
Барање за застанување со извршување И.бр.307/11 од 20.07.2011 на извршител Д.К.;
Заклучок И.бр.307/11 од 22.07.2011 година на извршител Д.К.;
Тековна состојба од единствен трговски регистар и регистар на правни лица од 21.07.2011 година бр.------------- на ЦРРМ;
Банкарски сметки од 21 јануари 2013 година.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 15.02.2013 година, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот Д.К. од Велес на ден 01.04.2011 година примил барање за извршување поднесено од доверителот --------------- од Прилеп, врз основа на извршна исправа Пресуда на Основен суд Велес Пл.бр.2-212/10 од 15.12.201о година со која се задолжува тужениот ---------------- од Гевгелија да му плати на тужителот ---------------------- од Прилеп на име долг износ од ________________ денари со законска затезна камата според ЗВСК сметано од 21.07.2009 година до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна банка на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му предходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени, до конечна исплата, како и на тужителот да му ги надомести трошоците во постапката во износот од ___________,00 денари.
На ден 04.04.2011 година извршителот издал Налог за извршување (врз основа на член 202 од Законот за извршување ) И.бр.307/11 спрема правниот субјект ____________ од Гевгелија. На ден 08.04.2011 година извршителот го доставил Налогот за извршување до носителот на платен промет А. Банка АД Скопје , а на ден 20.04.2011 година го доставил до _____________ Гевгелија.
На ден 21.07.2011 година извршителот изготвил службена белешка во која констатирал дека на ден 21.07.2011 година во неговата канцеларија пристапиле претставници на доверителот кои му доставиле Историјат од Централниот регистар на РМ, од кој било видно дека должникот имал промена во називот на фирмата и дека врз истиот била отворена ликвидациона постапка.
На ден 21.07.2011 година извршителот поднел барање до носителот на платен промет А. банка АД Скопје да застане со извршување по Налогот за извршување И.бр.307/11 од 04.04.2011 година, така што понатаму да не се врши издвојување на парични средства од таа сметка .
На ден 22.07.2011 година доверителот извршил увид во списите на предметот во кацеларијата на извршителот, при што му биле доставени Налог за извршување И.бр. 307/11 од 04.04.2011 година, повратници за извршена достава, барање за застанување со извршување и службена белешка од 21.07.2011 година, за што извршителот изготвил службена белешка.
Доверителот преку полномошник Т.Р. адвокат од Прилеп поднел приговор против Налогот за извршување И.бр.307/11 од 04.04.2011 година и против Барањето за застанување со извршување И.бр.307/11 од 20.07.2011 година. Со Решение на Претседателот на Основниот

суд во Гевгелија ППНИ.бр.61/12 од 29.03.2012 година усвоен е приговорот за сторени неправилности и утврдено е дека извршителот сторил неправилности при извршувањето и преземените извршни дејствија Налогот за извршување И.бр.307/11 од 04.04.2011 година и Барањето за застанување со извршување И.бр. 307/11 од 20.07.2011 година се ставени вон сила, со образложение дека извршителот не постапил во согласност со член 40 став 1 алинеја 4 и член 41 од Законот за извршување, туку врз основа на добиени податоци од пребарување од интернет страниците на надлежните органи ги преземал побиваните извршни дејствија и сторил неправилност при извршувањето преземајќи извршни дејствија против правниот субјект ----------------- од Гевгелија, а не против должникот ---------------- од Гевгелија.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за делот од предлогот за дисциплинска постапка кој е со наводи дека извршителот спроведувајќи го извршувањето по И.бр. 307/11 барал пристап до податоци за лице кое не е должник, утврди дека извршителот не ја сторил повредата која му се става на товар од причина што извршителот пребарувал на интернет страница на недлежен орган врз основа на оние податоци со кои располагал во конкретниот предмет, односно само називот на правното лице, па како во извршниот наслов недостасувал ЕМБС, а од друга страна исто физичко лице било сопственик на двете правни лица, па извршителот добил податок за правно лице со сличен назив на страницата на ЦРРМ.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за делот од предлогот кој е со наводи за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ издал Налог за извршување ( врз основа на член 202 од Законот за извршување) И.бр.307/11 од 04.04.2011 година спрема правниот субјект -------------- од Гевгелија кој не бил должник по предметот И.бр. 307/11, во кој предмет правното лице П. ДООЕЛ Гевгелија имало својство на должник според извршната исправа, па со ваквиот начин на постапување на извршителот сметката на правниот субјект кој не бил должник од ден 04.04.2011 година до ден 21.07.2011 година била блокирана, поради што се утврди дека извршителот ја сторил повредата која му се става на товар: "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој закон".

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека нема штетни последици од постапувањето на извршителот и дека извршителот не е претходно дисциплински казнуван, а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка . Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 15.02.2013 година, согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител В. К. да плати на име парична казна износ во висина од 3000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.____________ во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.